УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР „СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН"
QENDRA KLINIKE UNIVERZITARE E STOMATOLOGJISË "SHËN PANTELEJMON"
UNIVERSITY DENTAL CLINICAL CENTER "ST. PANTELEJMON"

Врз основа на член 2 од Правилникот за прием на стажанти во Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје бр. 02-2295/4 од 25.11.2011 година и Правилникот за прием на стажанти во во Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје бр. 02-1702/3-2 од 02.09.2022 година, вд директорот на Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

**За прием на стажанти во Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје**

1. Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје, на ден 06.09.2022 година објавува ЈАВЕН ОГЛАС за прием на 60 стажанти по следните специјалности:

1.1 За здравствени работници чиј стаж трае една (1) година:
- детска и превентивна стоматологија,
- стоматолошка протетика,
- болести на забите и ендодонтот,
- болести на устата и пародонтот,
- орална хирургија,
- ортопедија на вилицата (ортодонција).

*Напомена: Социјална медицина се обавува во Министерството за здравство.*

1.2. За здравствени работници чиј стаж трае шест (6) месеци:
- детска и превентивна стоматологија,
- фиксна стоматолошка протетика,
- мобилна стоматолошка протетика,
- орална хирургија,
- болести на забите и ендодонтот,
- болести на устата и пародонтот,

2. Вкупното времетраење за обавување на стажот е:

- за здравствени работници чиј стаж трае една (1) година изнесува 365 дена,
- за здравствени работници чиј стаж трае шест (6) месеци изнесува 180 дена.

3. Кандидатите кои ќе се пријават на Јавниот Оглас треба да го исполнуваат следниот услов:

- Завршен Стоматолошки факултет

4. Кандидатите кои ќе се пријават на Јавниот Оглас, треба да доставаат:

   - молба,
   - уверение за завршен Стоматолошки факултет во оригинал или копија заверена на нотар,
   - фотографија за изработување на легитимација.

5. Молбите со потребните документи се доставуваат во архивата на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје, секој работен ден од 8:00 часот до 14:30 часот.

6. Стажот ќе отпочне да се обавува од **24.10.2022** година.

7. Стажантите стажот ќе го обавуваат во просториите на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје наменети за здравствена дејност.

8. Стажантите можат да укажуват здравствена заштита од областа на стоматологијата само под надзор на ментор - лекар специјалист, кој е вработен со полно работно време во ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје.

9. Трошоците за стажирање изнесуваат **9.300,00** денари.

10. Рокот за пријавување на кандидатите за обавување на стаж е **15 (петнаесет)** дена од денот на објавување на Огласот на Огласната табла и ВЕБ страната на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје.

11. Изборот на примените кандидати ќе се изврши во рок од **15 (петнаесет)** дена по истекот на рокот за пријавување.

12. Листата со избраните кандидати ќе биде објавена на Огласната табла и на ВЕБ стараната на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје.

13. Избраните кандидати се должни во **рок од 7 дена од изборот да извршат уплата** на трошоците за стажирање на жиро сметка: Трезор на ФЗОМ – 100000000066005; Буџетски корисник – 660250000353194; Приходно конто – 725939 –програма 00 и да доставaт стажантска книшка со фотографија.

14. Кандидатите кои нема да извршат уплата во утврдениот рок и нема да достават комплетна документација, нема да бисат примени на стажирање.

ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР

СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН СКОПЈЕ